**Согласно со Законот за Здруженијата на граѓаните и фондациите сл.Весник на Р.Македонија бр. 38 /98 на Годишно Собрание одржано на 04.09.2009 год. со измени е донесен**

# С Т А Т У Т

На Форум за правата на Ромите ,,Арка,,

## ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Името на организацијата е ФОРУМ ЗА ПРАВАТА НА РОМИТЕ ,,Арка,, (во превод ,,Арка,, значи заштита). Во правниот промет организацијата ќе се служи со кратенката ФПР,,АРКА,,.
ФПР,,АРКА,, е невладина, не партиска и не профитна организација

### Член 2

Седиште на ФПР,,АРКА,, е во Куманово на ул.,,Караорман 6.

### Член 3

ФПР,,АРКА,, има свој печат во кружна форма, во кој полукружно во горниот дел пишува со големи букви ФОРУМ ЗА ПРАВАТА НА РОМИТЕ, во средина е името ,,АРКА,,а полукружно долу пишува КУМАНОВО.
Штембилот на организацијата е во правоаголна форма во горниот дел е напишано името на организацијата, во средина во два реда е просторот за број и датум, а во долниот дел пишува Куманово.

### Член 4

Организацијата има свој амблем, заштитен знак и легитимација (членска к нишка). Амблемот се состои од три рамбоиди поставени во форма триаголник, кои ја симболизираат вагата на правдата и е во три бои(сина црвена и зелена) кои го симболизираат Ромското знаме.

**Член 5**

Работата на организацијата е јавна. Организацијата има својство правно лице. ФПР,,АРКА,, ги остварува своите права, обврски и одговорности согласно со Уставот на Р.Македонија,Законите,Законот за Здруженијата на граѓаните и фондациите, други позитивни прописи на РМ и овој Статут.

**Член 6**

За успешно спроведување на своите програмски определби ФПР,,АРКА,, ќе соработува со сите НВО, правни институции, политички партии, страни НВО стационирани во Р.Македонија и меѓународни институции за заштита на човекови права.

**Член 7**

ФПР,,АРКА,, дејствува на национално ниво во Република Македонија и на меѓународно ниво

**2. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ**

**Член 8**

ФПР,,АРКА,, во својата работа ќе се залага за:

- Остварување на Уставните и законските права на Ромите во Република Македонија.
- Ќе делува врз јавноста за формирање јавно мислење за човековите права и слободи а посебно односот кон Ромите и Ромската заедница.
- Ќе се залага за одстранување на секој вид дискриминација и одземање на човекови права над Ромите.
- Ќе предлага подобрување на законски решенија со истражувања и јавни анкети.
- Врши следење на судска и полициска постапка со цел заштита на човекови права и слободи
- Ќе дава бесплатна правна помош на граѓани кои ќе имаат потреба од неа без разлика на национална или верска припадност
- Ги публикува драстичните примери на непочитување на човекови права и слободи и дискриминација во средства за јавно информирање.

- Изготвува проекти за едукација на граѓаните за нивните права и слободи и жалбените механизмите во домашното правосудство и постапка пред меѓународниот суд за човекови права.
- Ги публикува сите аргументирани случаи на одземање на човекови права и дискриминација во средствата за јавно информирање по пат на дописи , јавни настапи и кампањи.
- активно ќе се залага за градење на цивилно општество и градење на меѓуетнички односи со учество и допринос во сите движења од таков вид.
- Ќе дејствува и ќе се залага за подигање на правата на Ромите и развивање на меѓуетнички односи, надвор од границите Р.Македонија

**Член 9**

За остварување на целите задачите од член 8, ФПР,,АРКА,, ќе донесе програма.

## 3.ЧЛЕНУВАЊЕ

**Член 10**

Основа на организацијата на ФПР,,АРКА,, е членот. Член на организацијата се стекнува со потпишување на пристапница.

**Член 11**

Пристапувањето и членувањето е доброволно и е резултат на прифаќање на програмата и статусот на ФПР,,АРКА,,.
Член на ФПР,,АРКА,, може да стане секој полнолетен граѓанин на Р.Македонија без разлика на својата националност и расна припадност, пол, вероисповед и занимање, кој е државјанин на Р.Македонија.

**Член 12**

Членството на ФПР,,АРКА,, се организира врз територијална основа. Територијалното организирање на членството вклучува ограноци од сите населени места во Р.Македонија.
ФПР,,АРКА,, ќе дејствува и вон границите на Р.Македонија и може да основа свои претставништва,ограноци и експозитури,во држави каде има Ромска популација.

**Член 13**

Членовите на ФПР,,АРКА,, ги имаат следниве права, должности и одговорности:

- да учествува во активностите на сите нивоа на организирање;
- да дава предлози, мислења и изнесува свои ставови;
- да избира и да биде избран во органите и телата на ФПР,,АРКА,,
- активно да учествува во остварувањето на целите, задачите и активностите на ФПР,,АРКА,,
- да биде информиран за работата и финансиското работење;
- да го чува угледот на ФПР,,АРКА,,.

**Член 14**

Членувањето престанува доброволно, со одлука на Управен Одбор или во случај на престанок на ФПР,,АРКА,,

## 3. ОРГАНИ и ТЕЛА

**Член 15**

Органи на ФПР,,АРКА,, се:

- Собрание
- Управен Одбор
- Извршен Одбор
- Извршен Директор
-

**СОБРАНИЕ**

**Член 16**

Собрание е највисок орган ФПР,,АРКА,,. Го сочинуваат основачи, претставници од ограноци и членови. Собранието се одржува еднаш годишно а може и порано доколку половина од членството со писмено барање го бара тоа.

**Член 17**

Собранието на секоја четврта година е избрано на кое секој член има право да биде избран или реизбран.

**Член 18**

Собранието ја донесува програмата и Статут на ФПР,,АРКА,, кои и измените и дополнувањата.

**Член 19**

Собранието го свикува Извршен Директор на ФПР,,АРКА,, по предлог или барање на повеќе од половина членство, претседателот е должен да свика Собрание.

**Член 20**

Собранието се свикува со писмена покана во кој е содржан и предлогот на дневниот ред.

**Член 21**

Собранието работи со донесен деловник за работа. Со негова работа раководи Извршен Директор се до избор на работно претседателство.

**Член 22**

Собранието одлучва со мнозинство на гласови од присутните.

**Член 23**

Собранието избира Управен Одбор..

**Член 24**

Работата на Собранието е јавна.

**УПРАВЕН ОДБОР**

**Член 25**

Управен Одбор е највисок орган помеѓу две Собранија.

**Член 26**

Управниот Одбор брои од 5 члена;

- ги спроведува одлуките на Собранието
- ја спроведува програмата
- изготвува финансиски план и располага со финансиските и материјалните средства
- врши избор и именување на Извршен Директор, Преседател на Управен Одбор и Извршен Одбор.
- мандатот на членовите на Управен Одбор трае 4 години.

**Член 27**

Со работата и седниците на Управен Одбор раководи Претседател на Управен Одбор а во негово одсуство го заменува еден член на Управниот Одбор.
Претседател на Управен одбор се избира од редови на Управен Одбор кој има следни задачи:
- да свикува седници на Управен Одбор;
- да ги води и управува седниците на Управен Одбор;
- да ги спроведува програмата и статутот.

**Член 28**

Извршен Одбор, Извршниот Директор,администрација и вработени се воедно извршен орган на ФПР,,АРКА,,.

**Член 29**

**ИЗВРШЕН ОДБОР**

Извршен одбор е извршен орган кој е составен од 5 члена кој има следни задачи:
- да ги спроведува одлуките на Управен Одбор;
- да ги координира проектните активности.

Воедно во Извршниот одбор е составен од Координатори на сектори.
Извршниот одбор утврдува и дава предлози до Управен Одбор за избор и разрешување на Извршен Директор кој потекнува од него.
Мандатот е 4 години.
Одговара пред Управен Одбор и Извршен Директор.

**ИЗВРШЕН ДИРЕКТОР**

**Член 30**

- Извршен Директор е извршен орган на ФПР,,АРКА,,
- Извршен Директор има мандат од 4 години
- Ги спроведува одлуките на Собранието и Управниот Одбор

Извршен Директор го претставува и застапува Форумот за Правата на Ромите ,,Арка,, во правниот промет согласно со Програмата и Статутот.

**Член 31**

Извршен Директор именува Координатори на проекти, избира и отпушта вработени.

**Член 32**

Ги потпишува сите документи, а по негово овластување може и лице кој тој ќе го овласти..

**Член 33**

Управува со административните работи и персоналот

**Член 34**

Се грижи за спроведувањето на програмата согласно со Статутот и Законите.

**Член 35**

Извршниот Директор одговара пред Управен Одбор и Извршен Одбор.

**Член 36**

Функцијата на Извршен Директор престанува:

- по негово барање

- со разрешување од Управен Одбор
- Управниот Одбор таква одлука донесува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

## КООРДИНАТОРИ НА СЕКТОРИ

**Член 37**

Работата на ФПР,,АРКА,, е организирана во 4 сектори:

1. Обезбедување бесплатна правна помош за граѓаните;
2. Едукација на граѓани и НВО за човекови права;
3. Следење на имплементација на човековите права;
4. Истражување и анализи

Секој сектор има свој Кординатор.
Кординатор на сектор има задача да води грижа за реализирање на сите програмски активости определени со Годишниот и Стратешкиот план предвидени за тој сектор.
Да ги води координира сите активности на проектите кои се реализираат во секторот.
Покренуваат иницијативи и изготвуваат проекти согласно со Програмата и Стратегијата.
Одговорни се пред Извршниот Директор ,Управен Одбор и Извршен Одбор.

**Член 38**

Со одлука на Извршен Одбор може да се избере и координатор на канцеларии на ФПР,,АРКА,, надвор од Македонија.

**Член 39**

ФПР,,АРКА,,за своја успешна работа и реализација на програмските определби ќе оснива свое списание, билтен , публикации и веб страна.

**Член 40**

Ќе оснива свое радио и телевизија како основа за спроведување на програмските определби и јавност на работата на ФПР,,АРКА,,.

**Член 41**

Доколку нема услови за исполнување на член 40, ќе финансира термини на државната и приватната радио дифузија.

**Член 42**

Ќе соработува со домашни и страни организации за човекови права и ке стапи во мрежи во Македонија и странство.

**Средства на финансирање, начин и нивно стекнување.**

**Член 43**

За остварување на своите цели и задачи ФПР,,АРКА,,стекнува средства од следните извори:

- членарина
- доброволни прилози
- приходи
- кредити
- донации
- проекти
- буџети на Р.М.

**Член 44**

Средствата добиени од извори наведени во член 43 од овој Статут се раководат со општите прописи, Законот за здружување на граѓани, како и принципите и критериумите на донаторите на проектите.

**Член 45**

За трошење на средствата поголеми од 500 ЕУР, одлука донесува Извршен Одбор.

**Преодни и завршни одредби**

**Член 46**

- ФПР,,АРКА,, може да престане со работа доколку за тоа со 2/3 мнозинство од вкупен број на членови реши Собранието.
- бројот на членовите се намали под бројот определен со законот за здружување на граѓани.
- Собранието утврдува дека не се спроведуваат целите и задачите утврдени со програмата.
- настапи било која причина од законот за здружување за забрана на работа.

**Член 47**

Доколку ФПР,,АРКА,,престане со работа, средствата што остануваат по исполнувањето на сите обврски, се пренесуваат на основачите.

**Член 48**

Овој Статут влегува во сила од денот на негово донесување.
Ќе се смета за оргинал доколку има потпис и печат на ФПР,,АРКА,,

Извршен Директор,

____________________

ФОРУМ ЗА ПРАВАТА НА РОМИТЕ
ROMA RIGHTS FORUM

ARKA

# С Т А Т У Т

на

Форум за правата на Ромите ,,АРКА,,

Куманово 2009